ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2013

Транспаренси Интернешнл – Македонија

Содржина

Вовед

Преглед на работата на ТИ-Македонија

Проекти:

„Центар за совети и правна помош“

„Центар за совети и правна помош во Скопје, Тетово и Штип“;

„Пријави корупција“

„#КРИНИС - Осветлување на финансирањето во политиката“;

“Зајакнување на граѓанското новинарство”

Активности во 2013 година

Финансиски Извештај 2013

Користење на воспоставени кратенки во рамките на годишниот Извештај 2013

- Транспаренси Интернешнл – Македонија (ТИ–М)
- Ценатр за совети и правна помош (АЛАК)
- Индекс на Перцепција на корупција (ИПК)
- Државна комисија за спречување на корупција (ДКСК)

Вовед

Transparency International - Macedonia

Проф. Д-р Слаѓана Тасева
Претседател

Корупцијата не е обичен криминал. Таа ги уназадува и често ги уништува животите на милиони луѓе во светот. Таа го запира економскиот развој и произведува нееднаквост и неправда. Корупцијата е спротивна на човековите права и човековото достоинство.

Република Македонија веке подолг период се соочува со проблемот на корупцијата, кој според истражувањата на канцеларијата на Обединетите нации за превенција на дрогите и криминалот (UNODC) најмногу е изразен во сферата на високата корупција, каде што износите се во просек повисоки од 2800 долари. Ова укажување дека Република Македонија има поголем проблем со високата корупција, а не со секојдневната таканаречена „мала корупција“ го потврди и истражувањето на Транспаренси Интернешнел – Глобален барометар на корупцијата, според кое граѓаните во република Македонија сметаат дека најмногу корупција постои во политиката и во судството, а 17% од граѓаните изјавиле дека лично дале поткуп. Она што охрабрува е подготвеноста на граѓаните да се борат против корупцијата. Дури 82% од граѓаните на Република Македонија искажале подготвеност да се борат против корупцијата. Она што недостасува е доверба во институциите.

Транспаренси Интернешнел Македонија веќе седум години спроведува активности за поттикнување на граѓаните да се вклучат во борбата против корупцијата, што во текот на извештајната година особено дојде до израз преку алатките кои ги понудивме во рамки на современите технологии, но и преку канцелариите за правни совети во Тетово и во Штип. Се чини дека граѓаните се повеќе се подготвени да застанат и да се спротивстават на корупцијата како неправо, дури и тогаш кога не се засегнати самите тие.

Добрите резултати не охрабруваат да продолжиме понатаму. Презентираното подолу најмногу се должи на вас, на граѓаните кои имавте храброст да пријавите корупција. Ние само ја изнаоѓаме најдобрата форма на операционализирање на нашата заедничка заложба Република Македонија да биде подобро место за живеење за нејзините граѓани.

Ви благодариме за довербата и поддршката.

Преглед 2013

Корупцијата и понатаму претставува проблем од висок приоритет за Република Македонија. Резултатот од годинешниот Индекс на перцепција на корупцијата е речиси идентичен со резултатот од минатата година (43 : 44 индексни поени) и укажува на тоа дека постои застој во подобрувањето на состојбите во оваа сфера.

Очигледно е дека активностите кои ги преземаат властите се недоволни, а институциите се неефикасни. Недостатоците во владеење на правото создаваат сериозна недоверба на граѓаните во судството и собранието, како институции кои треба да обезбедат гаранција на владеење на правото, заштита на јавниот интерес и просперитетна држава. Институциите досега не обезбедија доволна гаранција дека одговорните за корупција и незаконско работење нема да уживаат заштита и ќе бидат казнети. Недопирливоста на одговорните за корупција е секојдневие кое треба да се искорени,„ изјави Проф. Д-р Слаѓана Тасева, Претседател на Транспаренси Интернешнел-Македонија по повод објавувањето на резултатите на ИПК за 2013 година.

Таа го повика граѓаните „да се приклучат кон остварување на слоганот „Нулта толеранција за корупцијата„ и да придонесат кон осветлување и пријавување на коруптивните практики кои треба да бидат забележани и документирани со цел да бидат елиминирани. Проф. Тасева ја повика Владата на Република Македонија до крајот на годината да подготви и да почне постапката за донесување на закон за заштита на пријавувачите на корупција, кој ќе започне да се применува веднаш по донесувањето, а не после две години, како што планира владата.

Индексот на перцепција за корупција (ИПК) претставува најраспространет индикатор кој се користи за мерење на корупција ширум светот и е моќна алатка во борбата против корупцијата. Проследен со ригорозен процес на ревидирање во 2012 година, направени се неколку

значајни промени во методологијата. Со тоа се допринесе за прв пат во 2013 година, ИПК резултатите да се споредуваат со текот на времето. Како дел од ажурираната методологија користена за да се пресмета ИПК, формирана е нова скала од 0-100 во чии што рамки оценката на една земја/територија ја покажува перцепцијата на нејзиното ниво на корупција во јавниот сектор, каде 0 значи дека земјата се перципира како високо коруптивна и 100 дека земјата се перципира како многу чиста.

ИПК претставува композитен индекс, комбинација на анализи и проценка на корупција, собрани од повеќе реномирани институции каде рангирањето на земјата ја покажува нејзината позиција во однос на останатите земји/територии вклучени во индексот. Македонија според ИПК во 2013 се наоѓа на 67 место со 44 поени, за разлика од 2012 година каде со 43 поени се наоѓаше на 69 место.

Според Барометарот на глобалната корупција за Македонија во 2013 година кое истражување се темели на перцепцијата и искуствата на луѓето за корупцијата, говори дека проблемот со корупција во јавниот сектор се уште е високо оценет со 4,1 (на скала каде 1 – не се воопшто и 5 сериозен проблем). Но, охрабрувачки е податокот дека 82 % од граѓаните се изјасниле дека се спремни да се борат против корупцијата.

Резултатите во Регионот за 2013 година укажуваат дека сите држави освен Словенија (57) и Турција (50) постигнале помалку од 50 индексни поени. Хрватска (48), Македонија (44), Црна гора (44) и Србија (42) и покрај подобрувањето сепак бележат многу лоши резултати. Словенија во 2013 бележи пад од 37 на 43 позиција, Бугарија од 75 на 77 позиција, а е Косово со најголем пад од 105 на 111 позиција.

Состојбата во однос на заштита на пријавувачите на корупција “Whistle-blowers” во Македонија во 2013 година остана непроменета. Во 2012 година предлогот за усвојување на регулатива со која ќе се регулира на оваа проблематика беше препознаен од Владата и Државната комисија за спречување на корупцијата. Оваа активност беше публикувана *on line* од страна на Одделението за соработка со НВО и стана одредница во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата 2011 -2015 година. Потребата од посебно регулирање на заштита за овие храбри граѓани во повеќе наврати беше истакната од ТИ-М, имајќи предвид дека во изминатите 10 години од неговата

Видливост на ТИ-М во 2013 година преку:

Прес конференции	***4***
Тркалезни маси и дебати	***4***
Известување до медиуми	***7***

примена, одредбите кои го уредуваат ова прашање во Законот за спречување на Корупцијата се покажаа како недоволни.

Поради тие причини неопходна е подобро уредена постапка и соодветна правна рамка која ќе обезбеди заштитата на пријавувачите на корупција да биде навремена и ефикасна.

„Нации во транзит“ е годишна публикација на Фридом хаус, со седиште во Вашингтон, што го следи демократскиот напредок во 29 држави и административни области кај поранешни комунистички држави на Европа и Евроазија. Во Извештајот за 2013-та, Македонија бележи благо влошување по стандардните параметри во однос на минатата година, што се должи на послабата оценка за правосудната пракса.

На скалата од еден до седум, каде седум е најлоша оценка, за демократија, како главна оценка, Македонија добила 3,93. Лани имала 3,89. А поконкретно, за национално демократско управување оценката е 4,25, за изборен процес 3,25, за граѓанско општество 3,25, за независни медиуми 4,75, за локално демократско управување 3,75, за правосудство и независност 4,25 и за корупција 4,00.

Транспаренси Интернешнл- Македонија, своите поставени цели кои се однесуваат на ефикасна превенција за борба против корупцијата ги оствари со спроведување на предвидените активности и утврдената динамика за 2013 година. Оттука, податокот дека проблемот со корупцијата во земјата се уште е на високо ниво, ни дава уште поголем поттик за продолжување на нашата активност во 2014 година.

ALAC | Advocacy and Legal Advice Center

Проект: Центарот за совети и правна помош (АЛАК) на Транспаренси Интернешнл - Македонија

Центарот активно делува во рамките на своите активности во однос на случаи кои се поврзани со корупција. Отворените канцеларии нудат можност жртвите и сведоците на корупција да пријавуваат случаи и при тоа да добијат практични правни совети ко што им овозможуваат да поднесат официјални жалби до релевантните институции. Центарот за правни совети мотивира активно вклучување на граѓаните во борбата против корупцијата обезбедувајќи едноставни, веродостојни и одржливи механизми. Во нив граѓаните добиваат конкретна помош во форма на правна поддршка со исклучок на застапување на предмети пред суд. Во исто време Центарот од граѓаните и нивните поплаки добива информации преку кои ги идентификува слабостите во борбата против корупцијата во самиот систем и да се залага за реформи базирани на конкретни докази од жалбите на граѓаните. Овој Центар функционира како медијатор, овозможувајќи им на обичните граѓани да ги држат институциите одговорни, пренесувајќи ја нивната загриженост во системски промени.

Главна цел на проектот е да се:

• подобри квалитетот на демократското управување преку овозможување на самите граѓани да учествуваат во борбата против корупција, ефективно да ги држат нивните влади одговорни и да придонесат во системските промени.

Краткорочни цели на проектот се:

• подржување на жртвите и сведоците на корупција да се справат со нивните поплаки, а со тоа да се држат институциите одговорни во имплементацијата на антикорупциските закони

• зајакнување на способноста и подготвеноста на институциите да добиваат но и да постапуваат по жалби поврзани со корупција

• системски подобрувања (правни, административни и институционални) во борбата против корупцијата

Постигнати резултати АЛАК 2013

2013		Клиенти	Пријави	Затворени Пријави	Предмети	Затворени предмети
Вкупно клиенти		300				
Вкупно извештаи	497		360		137	
Вкупно затворени извештаи	244			148		96

Во 2013 година Центарот за правна помош биле примени 300 лица од кои биле добиени 497 пријава за корупција во различни сектори на општеството.

Од вкупниот број на добиени пријави 244 биле завршени (148 на ниво на пријава и 96 на ниво на предмет) со успешно постапување на задоволство од гледна точка на граѓаните.

Центарот за правни совети поврзани со корупција (ALAC) има четири главни компоненти кои ги остварува преку своите канцеларии:

• **Комуникација** со граѓаните: жртвите на корупција добиваат почетен совет за нивните права и доколку постои првично сомневање за корупција, клиентот се пренасочува на понатамошно правно советување. Ова се остварува преку овозможен личен пристап до канцелариите, телефонска линија, електронска пошта, пријави преку специјализиран веб портал (Пријави Корупција)

• **Правна помош** за граѓаните која им овозможува на граѓаните да ги искажат, развијат, поднесат и проследат нивните жалби со помош на професионален правник кој што е вработен во Центарот.

• **Застапување** на случаите кои се доставени до Центарот преку подигање на јавната свест за секторите и институциите за кои има најмногу жалби од страна на граѓаните, а со тоа се потенцира и привлекува вниманието на специфични правни и институционални слабости, за потоа да се достават препораки за подобрување или спроведување на антикорупциските закони.

• **Градење капацитети** им нуди поддршка на државните институции за зајакнување на нивните капацитети во процесирањето на жалбите.

Првата ALAC канцеларија беше отворена од страна на ТИ – Македонија во 2003 година во Скопје и подоцна беше широко прифатена од страна на неколку ограноците на Transparency International и се прошири во над 50 земји во светот.

ALAC | Advocacy and Legal Advice Center

Илустрација на податоци во 2013

Подносители на пријави по региони во Македонија



Проект: Центар за совети и правна помош во Скопје, Тетово и Штип финансиски подржан од Амбасадата на Кралството Холандија, ТИ – Македонија го прошири своето делување и на локално ниво.

Имплементацијата се состои од три основни компоненти:

1. Операционализација на Центри за совети и правна помош канцеларии во Тетово и Штип (АЛАК) преку обезбедување на континуирани активности за борба против корупцијата и јавно застапување,
2. Кампања за подигање на јавната свест – спроведување на кампања "Пријави корупција! Повлечи црвена линија",
3. Јакнење на капацитетите – организирање на тркалезни маси и работилници.

Во своите рамки на АЛАК канцеларииите својата работа во борба против корупцијата ја извршуваат на тој начин што:

- Прима на разговор граѓани и во врска со тоа им ги дава најдобрите совети и упатства, изработува квалитетни правни анализи, врши консултација, доставува ставови, мислења и препораки до институциите;
- Ги разгледува претставките и поплаките на граѓаните, поврзани со корупција и судир на интереси, како и оние поврзани со повреда на човековите права од страна на јавната администрација;
- Ги доставува на надлежните претставките поврзани со корупција и злоупотреби на јавната функција и овластувања до соодветните органи (полиција, јавно обвинителство, државна комисија за спречување на корупцијата и др.);
- Дава предлози и мислења за подобрување на домашното законодавство и работата на јавната администрација;
- Ги актуализира проблемите во определена општествена област, како пред јавноста, така и пред највисоките државни институции.

Тркалезна маса на тема „Граѓаните во борба против корупцијата“ одржана на 10.07.2013 во Тетово

Кампања “Пријави корупција! Повлечи црвена линија!” на 04.11.2013

Канцеларијата во Тетово официјално започна со работа на 15.10.2012 година и активно започна со спроведување на активности.....

Канцеларијата на ТИ – Македонија во Тетово организираше, работилница на 10.07.2013 на тема „Граѓаните во борба против корупција“ каде присуствуваа граѓани на Тетово и претставници на институции од Полошкиот Регион. Претседател на ТИ-М Д-р Слаѓана Тасева ги охрабри присутните да пријавуваат бидејќи анализите говорат дека македонските граѓани сè повеќе ни веруваат и наместо кај Антикорупциската комисија, претставки доставуваат до нашите канцеларии, вели Слаѓана Тасева, претседател на ТИ-М.

Информацијата го опфати бројот на пријави од граѓаните кои според нивно мислење се однесуваат на ризици од корупција, начинот на кој пријавите биле доставени до канцелариите на ТИ–М ЦСПП во Тетово, Скопје и Штип како и за дистрибуција на пријавите според локација и градови во Република Македонија.
Регионалната канцеларија на 1-ви и 4-ти ноември 2013 спроведе неколку активности во насока на информирање на граѓаните за работата на канцеларијата и услугите кои можат да ги добијат при пријавување на случаи кои се поврзани со корупција. Промотивните активности беа проследени со поставување на постери на видливи места во влезовите и чекалните на институциите, како и преку непосредна комуникација со граѓаните со делење на флаерите во центарот на Тетово. ТИ-М кампањата “**Пријави корупција! Повлечи црвена линија!”** и понатаму ќе продолжи да ја спроведува се со цел иницирање за поголема вклученост на граѓаните во борбата против корупцијата.

СТркалезна маса на тема „Граѓаните во борба против корупцијата“ одржана на 04.03.2013 во Штип

Тркалезна маса на тема „Граѓаните во борба против корупцијата“ одржана на 26.06.2013 во Штип

Канцеларијата во Штип официјално започна со работа на 05.11.2012
На 04.03.2013 година во Штип, ТИ-М одржа тркалезна маса на тема: „Граѓаните во борба против корупцијата“ и активно учество има одговорни лица определени за соработка од институциите на локално и регионално ниво, граѓани од Општина Штип и пошироката околина.

На тркалезна маса која ТИ-М ја организираше на 26.06.2013 година во Штип, воведно обраќање имаше Д-р Слаѓана Тасева, Претседател на ТИ-М, како и Градоначалникот на Општина Штип М-р Илчо Захариев. Присутните граѓани во текот на дискусијата ги нагласија проблемите со корупција во правосудството и работата во управните органи. Од тука произлезе и заклучокот дека граѓаните во борбата против корупцијата сè повеќе се вклучуваат самоиницијативно, но помошта ја бараат од канцелариите на ТИ-М.

Со овој чекор успешно се одговара на предизвикот кон зголемените овластувања на единиците на локалната власт кој го следеа зголемен број на пријави од граѓани незадоволни од незаконитости во работата на општините. Интересот на граѓаните да пријават корупција секојдневно се зголемува како што тие стануваат се повеќе убедени во практичност, ефикасноста, корисноста и професионалниот пристап на постапување во обработка на добиените пријави. Настаните ги следеа и претставници на локалните ТВ Медиуми.

На ден 08.11.2014 канцеларијата на АЛАК ТИ-М на Градскиот плоштад во Штип спроведе акција во насока на информирање и охрабрување на граѓаните за пријавување на случаи поврзани со корупција. Оваа активност беше надополнета со поставување на постери на различни локации меѓу кои и во Општина Штип каде што се сместени и најголем дел од институциите во градот.

Платформа – Пријави корупција



Проектот „Поттикнување на граѓаните да пријавуваат корупција – Пријави корупција“ го спроведува Transparency International – Macedonia во партнерство на Center for International Relations од Вашингтон (www.transparency-watch.org; www.prijavikorupcija.org).

Главната цел на овој проект е да се подобри квалитетот на демократското владеење преку овозможување на граѓаните да учествуваат во борбата против корупција користејќи нови електронски алатки, кои во исто време би придонеле за поголема одговорност на Владата и спроведувањето на системските подобрувања.

Овој проект во практична смисла поставува на сеопфатен систем за пријавување случаи на корупција користејќи нови медиуми и мобилна технологија базиран на Ushahidi платформа. ТИ-М ќе ги поттикне граѓаните да пријавуваат корупција која што ја искусуваат или за која сведочат користејќи посебно посветен веб портал и бесплатен СМС број (075/076 145111).

Мобилната апликација за Андроид и iPhone е сега достапна на македонски, албански и англиски јазик. Апликацијата им дозволува на корисниците да ги пријават случаите на корупција, да селектираат категории, локација или пак да ги листат веќе поставените пријави кои се прикачени на оваа страна.

Оваа апликација е прва од ваков вид на Балканот, но и во Европа. Пријавите се проверуваат од тимот кои работи на овој проект, а верификуваните ќе бидат поставени на веб сајтот www.prijavikorupcija.org, како и автоматски на оваа апликација. Апликацијата е достапна на Google Play преку оваа врска: https://play.google.com/store/apps/details?id=com.korupcijasq.android.app

Поднесувањето на пријави од страна на граѓани преку платформата „Пријави Корупција“ е значајната придобивка на ТИ-М во комуникацијата со граѓаните преку интернет и социјалните мрежи. На овој начин овозможен е едноставен, брз, ефикасен преглед на пријави, но и нивно запознавање со пријавите на други граѓани.

Проект:
КРИНИС Западен Балкан –Осветлување на парите во политиката

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

NORWEGIAN MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS

Проектот КРИНИС е регионален проект на Transparency International кој има за цел да прави мониторинг на корупцијата во финансирањето на политичките кампањи, како и да ја зацврсти јавната доверба во демократските институции во Албанија, Хрватска, Косово, Македонија и Србија.

Во период од три години (2010 - 2013) Транспаренси Интернешнл – Македонија во рамки на проектот КРИНИС – "Осветлување на парите во политиката" спроведе две истражувања и низа други активности насочени кон подигање на свеста, подобрување на легислативата и практиката во однос на транспарентноста на парите во политиката. Целта на овој проект беше да се постигне повисок степен на транспарентност и институционални промени преку вклучување на сите клучни засегнати страни и преку вреднување на практиките кои се спроведуваат при политичките финансирања.

Проектот се реализираше преку методологија утврдена од страна на Транспаренси Интернешнел, позната како КРИНИС методологија, која што вклучува следење на два различни вида на политичко финансирање и тоа: редовното финансирање на политичките партии и финансирањето на изборна кампања за парламентарни или претседателски избори.

КРИНИС овозможува испитување на различни димензии на транспарентност и одговорност во политичките финансирања, како на пример внатрешни извештаи на партии и кандидати, извештаи до агенциите задолжени за надзор, јавно обелоденување и слично.

Активностите на проектот за своја цел ги имаат клучните засегнати страни во врска со реформите на политичкото финансирање, вклучувајќи ги и политичките партии, приватниот сектор, институциите за надзор, медиумите и граѓанското општество. Корисници од проектот и крајна целна група се граѓаните на земјите кои го имплементираат проектот, а од причина што проектот се стреми кон засилување на одговорноста на националните политички системи кон електоратот.

Во Република Македонија постои слаба правна рамка и уште послаба практика во обезбедување на веродостојноста на финансиските извештаи на политичките субјекти кои учествуваат во изборите. Едновремено постои многу добра правна основа но изразено слаба примена на одредбите кои се

Слика бр.5 Панел дискусија на тема „Финансирање на изборната кампања пред локалните избори“ одржана на 12.02.2014

однесуваат на транспарентноста и на државниот надзор над финансирањето на политиката за време на избори.

Институциите не сакаат да разговараат за финансирањето на политичките партии во време на предизборие. Тоа се покажа на **панел дискусија на тема „Финансирање на изборната кампања пред локалните избори“ одржана на 17.02.2013** која ја организираше ТИ-М.
Општиот впечаток на учесниците е дека финансирањето на кампањите се движи во корупциски круг во кој се вмешани партиите, институциите и сопствениците на фирми, кои донираат одредени суми пари за по победата на изборите да се здобијат со извесни привилегии од државните тендери.
Панелистите резимираа дека со финансирањето на кампањите пречесто се случува класична корупција, која институциите ја толерираат. За многуте предизборни скандали институциите избрале глувост и одбиле да одговорат, вклучувајќи ја тука и дупката од 3 милиони денари во финансиската кампања на владејачката ВМРО-ДПМНЕ од предвремените парламентарни избори во 2011 година. За експертите ваквиот однос покажува дека во финансиските извештаи владејачките партии можат да напишат што сакаат, а потоа тоа да биде проголтано од институциите.

На **11.07.2013 беше одржана ТИ-М одржа Прес конференција** на која беа презентирани добиените резултати од истражувањето кое се спроведе во рамките на КРИНИС проектот. На прес конференцијата беа истакнати следниве препораки:

1. Подобрување на перформансите на државните надзорни институции
2. Поефикасно применување на законските одредби
3.Објавување на донаторите и нивните донации за изборните кампањи на политичките партии
4. Овозможување на идентификација на донациите во форма на медиумски реклами за време на изборната кампања
5.Воведување даночни олеснувања за приватните донации на политичките партии



Проект: „Зајакнување на истражувачкото новинарство“ се спроведе во соработка со НОВАТВ и финансиска поддршка од Амбасадата на Кралството Норвешка во Белград.

Целта на проектот е да се обезбеди ефективна синергија помеѓу граѓанското општество, медиумите и граѓаните.

Канцелариите на ТИ-М во соработка со тим од искусни новинари во полето на граѓанското и истражувачко новинарство од НОВАТВ редовно ги анализира поднесените извешти од граѓаните. При тоа, во рамките на проектот се реализираа вкупно 16 истражувачки стории и 10 дебатни емисии кои беа поставени на NOVATV.MK и објавени веб страната на http://www.transparency.org.mk/ и социјалните мрежи.

<u>ТВ сториите</u> се подготвуваа врз основа на извештаите од граѓаните и нивната активна вклученост во објаснување на случајот до пошироката јавност со цел зголемување на свеста на граѓаните, но исто така и да се зголемување на влијанието на работата на АЛАК канцелариите.

<u>Дебатните емисии</u> се иницирани од потребата за поширока јавна дискусија во однос на прашања кои ги засегаат граѓаните, а се однесуваат за што поголема транспарентност и отчетност на институциите во борбата против корупцијата во Република Македонија. Повикани беа експерти од различни области кои дискутираа на следниве актуелни теми: државните ревизори, зашто се молчи за корупцијата, дозволува ли Македонија да бидете соработник со правдата, пристап до информациите од јавен карактер, новиот закон за кривична постапка, може ли Антикорупциска комисија да спречи корупција, каква оценка му даде извештајот на Европската Комисија на судството, кој ги штити дојавувачите на корупција и др.

*Македонија според **Индексот на перцепција на корупција** во 2013 се наоѓа на 67 место со 44 поени*



*Според **Барометарот на глобална корупција** Проблемот со корупција во јавниот сектор се уште е високо оценет со 4,1 (на скала каде 1 – не се воопшто и 5 сериозен проблем*



Прес конференција на 03.12.2013
ИНДЕКС НА ПЕРЦЕПЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА (ИПК)

Индексот на Перцепција на Корупцијата (ИПК) за 2013 на Транспаренси Интернешнал предупредува дека злоупотребата на власта, тајните зделки и поткупот продолжуваат да ги уништуваат општествата ширум светот.

Во повеќе од две третини од 177 земји според резултатите на Индекс во 2013 се под 50, на скала од 0 (многу корумпиран) до 100 (многу чист). Македонија според ИПК во 2013 се наоѓа на 67 место со 44 поени, за разлика од 2012 година каде со 43 поени се наоѓаше на 69 место.

Индексот на перцепција на корупцијата се базира врз основа на експертските мислења за корупцијата во јавниот сектор. Резултатите на земјите може да бидат потпомогнати со силен пристап до информации во системот и правила со кои се регулира однесувањето на оние кои се на јавни позиции, додека недостатокот на отчетност во рамките на јавниот сектор во комбинација со неефикасни јавни институции ги повредува овие перцепции.

Прес конференција на 9 јуни 2013
ГЛОБАЛНИОТ КОРУПЦИСКИ БАРОМЕТАР 2013 година

Барометарот на глобалната корупција е најголемо глобално истражување за перцепцијата и искуствата на луѓето за корупцијата. Повеќе од едно лице од двајца мислат дека корупцијата се има влошено во последниве две години, според светското најголемо истражување за јавното мислење за корупцијта на Transparency International. Но испитаниците во истражувањето исто така цврсто веруваат дека мажат да направат промена и имаат желба да преземат акција против покупот.

Барометарот на глобална корупција 2013 е истражување кое е спроведено од 114,000 граѓани во 107 држави и ја покажува корупцијата широко распространета низ светот. 27 % од испитаниците дале поткуп кога имале пристап до јавните сервиси и институции во последните 12 месеци, откривајќи дека нема подобрување од претходното истражување.

Поднесена е иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија

- Утврдување на согласноста на член 37 став 6 од Законот за патни исправи со Уставот на Република Македонија – Иницијатива до Уставен суд

Поради зачестените пријави од страна на повеќе граѓани во врска со Законот за патни исправи Центарот за совети и правна помош на ТИ – Македонија при анализа на посочената одредба се посомнева во нејзината согласност со став 2 од член 27 од Уставот на Република Македонија. ТИ – Македонија достави Иницијатива до Уставниот Суд на Република Македонија заради утврдување на согласноста на член 37 став 6 од Законот за патни исправи со Уставот на Република Македонија.

По добиеното известување од страна на Собранието испратена е Жалба до КОМСПИ од која добивме одговор дека го поништуваат решението за делумно одбивање и го задолжи Собрание на Р. Македонија да ни овозможи на увид во бараните информации . Врз основа на направениот увид констатирано е дека Корабовска Љубинка ги има доставено потребните документи со што потврдува дека е државјанин на Република Македонија и има постојано место на живеење во Република Македонија согласно член 48-а став 2 од Законот за спречување на корупција. Меѓутоа, со приложената диплома за завршено високо образование во кое се стекнала со звање дипломиран менаџер по туризам и угостителство не ги исполнува условите за именување според Законот за спречување на корупцијата во член 48-а став 3 е наведено дека потребно е "да има високо образование од областа на правните и финансиски работи и антикорупцијата".

Јавно застапување (advocacy)

Како резултат на пријавите од граѓани ТИ-Македонија презема неколку активности за јавно застапување во насока на информирање за:

- Капацитетите и интегритетот на локалните самоуправи за примење на случаи поврзани со корупција

Анализата во однос на капацитетите и интегритетот на локалните самоуправи за примење на случаи поврзани со корупција укажува дека само 11 од вкупно 58 општини имаат поставени телефонски линии за пријавување на корупција, од кој само во 5 општини е бесплатен. Во 41 општина има назначено лице задолжено за неправилности и сомнежи за измами или корупција, додека 16 општини одговориле негативно, а една општина не дала одговор. Меѓутоа, незначителен е и бројот на пријави за неправилности и сомнежи за измами или корупција.

- Ефикасноста и законитоста во работата на градежните одделенија на локалната самоуправа

ТИ-М поднесе 64 Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за добивање на информации за број на издадени и реализирани Решенија за уривање во Општините за периодот од 01.01.2009 година до 15.05.2013 година. Анализата е во фаза на подготовка.

- Застарување на кривично гонење во постапката во јавните обвинителства

ТИ–Македонија поднесе 26 Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во врска со бројот на застарени кривични дела до сите Јавни Обвинителства и до Вишо Јавно Обвинителство Битола, Штип и Скопје. Во предвидениот рок од 30 дена само 8 обвинителства ја доставија бараната информација, 13 не доставија никаков одговор, додека 3 Јавни обвинителства се произнесоа дека информацијата не е од јавен карактер.

- Исполнетост на законските предвидени услови за именување на член на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК)

ТИ-М со Барање се обрати до Собрание на Република Македонија, како законски овластено тело за именување на членовите на ДКСК, од каде побаравме информации кои се однесуваат на фактот дали условите зададени во Законот за спречување на корупцијата ги исполнува членот на ДКСК, Љубинка Корабовска.

По повод 09 Декември светскиот ден за Борбата Против Корупцијата, во 2013 година ТИ-М организираше кампања под мотото „Приклучи се и ти во борбата против корупцијата – Повлечи Црвена Линија“.

Кампањата се реализираше во Штип и Тетово каде ТИ-Македонија има канцеларии на Центарот за совети и правна помош. Граѓаните, преку поставените преку делење на промотивни материјали и разговор со граѓаните ги информираа сите заинтересирани за работата на ТИ-Македонија и нејзините активности.

Во Штип на плоштад Слобода во периодот од 11-13 часот тимот на ТИ – Македонија, беше реализирана акција со која на случајните и на сите оние кои беа заинтересирани им се делеа материјали со информативна содржина во која се објаснуваше работата на канцеларијата и начините на кои граѓаните можат да пријават случаи поврзани со ризик од корупција. Кампањата ја следеа две регионални телевизии, ТВ Ирис и ТВ Стар кои подготвија и објавија прилог поврзан со настанот.

Во центарот на Тетово пред Домот на културата од 11-13 часот беше поставен штанд каде тимот на Транспаренси Интернешнал-Македонија делеше фалери со информативна содржина во врска со работата на канцеларијата се со цел поттикнување граѓаните да пријавуваат корупција. Интересот на граѓаните беше многу голем, поставуваа прашања за работењето и надлежностите на канцеларијата, но имаше и граѓани кои сакаа да закажат средба во канцеларијата на ТИ-М. На настанот присуствуваа сите локални медиуми како ТВ Кисс, ТВ Менада, ТВ Коха и ТВ Арт, додека прилозите беа емитувани во програма на вести во попладневите часови.